Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1138/2
4 август 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

127.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 21 точка 4 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 29 јули 2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП ЗА 2005 ГОДИНА

### Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Штип за 2005 година објавена во "Службен гласник на Општината Штип", број 4/05) се вршат следните измени и дополнувања:

1. По член 5 се додаваат четири нови члена 5А, 5Б, 5В и 5Г.

### Член 5А

Корисниците на средства од Буџетот можат да ги користат средствата само доколку во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот на Општината Штип достават полугодишен финансиски план по квартали и месеци за користење на средства по Програми, Потпрограми, ставки во рамки на одобрените средства со Буџетот на Општина Штип.

Во текот на дадениот квартал буџетскиот корисник може да достави барање за измена на кварталниот финансиски план по месеци, по програми, потпрограми и ставки во рамки на износите одобрени за дадениот квартал за кое одлучува градоначалникот на Општина Штип.

### Член 5Б

1. Утврдениот износ во Буџетот на корисникот, можат да се прераспоредат меѓу расходи категории, ставки и потставки.
2. За прераспределба на средства меѓу буџетските корисници, програми и потпрограми одлучува Советот на Општина Штип.
3. Во рамки на расходи утврдени со Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки по претходно одобрување од градоначалникот на Општина Штип.

### Член 5В

Вредноста на бодот на плата во општинската администрација на Општина Штип со статус на државни службеници ќе изнесува 40,10 денари согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државни службеници за 2005 година ("Службен весник на РМ", број 95/04).

Вредноста на бодот на платите на вработените кој немаат статус на државни службеници ќе ја утврди со одлука градоначалникот на Општина Штип.

Член 5Г

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќенаплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходи на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на други приходи од Буџетот. Поврат на погрешно уплатените приходи се враќа со решение на градоначалникот.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1138/1
29 јули 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

128.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ДАНОК НА ИМОТ, ДАНОК НА НАСЛЕДСТВО И ПОДАРОК И ДАНОК НА ПРОМЕТ НА НЕДВИЖНОСТИ

I

Се објавува Одлуката за утврдување на висината на стапките на данок на имот, данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности.

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1139/2
4 август 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

129.

Врз основа на член 11 став 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ, број 5/02), член 6 став 4, член 16 став 3 и член 22 став 2 од Законот за даноците на имот (Службен весник на РМ, број 61/04) и член 21 точка 5 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 29 јули 2005 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ДАНОК НА ИМОТ, ДАНОК НА НАСЛЕДСТВО И ПОДАРОК И ДАНОК НА ПРОМЕТ НА НЕДВИЖНОСТИ

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на стапките на

- данок на имот
- данок на наследство и подарок и
- данок на промет на недвижности

## I. Данок на имот

Член 2

Данок на имот се плаќа на недвижен имот, освен за оној имот кој е ослободен од плаќање според Законот.

Недвижен имот во смисла на став 1 од овој член е земјиште (земјоделско, градежно, шумско и пасишта) и зградите - станбени згради или станови, деловни згради и деловни простории, административни згради и административни простории, згради и станови за одмор и рекреација и други градежни објекти, како и инсталациите подигнати врз нив или под нив и трајно споени со нив.

Член 3

Обврзник на данок на имот е правно и физичко лице сопственик на имот. Обврзник на данок на имот е и правно и физичко лице корисник на имотот, во случаи кога сопственикот не е познат или не е достапен.

Обврзник на данок на имот може да биде и плодоуживател на имот согласно Законот.

Ако имотот е во сопственост на повеќе лица, секој од нив е обврзник на данокот на имот сразмерно на сопственичкиот дел.

Обврзник на данок на имот е и правно и физичко лице-корисник на недвижен имот во сопственост на државата и општината.

Член 4

Стапката на данок на имот е пропорционална и изнесува 0,10%.

Стапката на данок на имот за земјоделско земјиште кое не се користи за земјоделско производство ќе се зголеми за три пати во однос на стапката утврдена во став 1 на овој член.

Обврзникот на данок на имот за станбена зграда или стан во кој живее со членовите на семејството има право на намалување на пресметаниот данок во висина од 50%.

## II. Данок на наслество и подарок

Член 5

Данок на наследство и подарок се плаќа на недвижен имот и право на плодоуживање и користење на недвижен имот кои наследниците односно примателите на подарок ги наследуваат, односно примат врз основа на Законот за наследување односно договорот за подарок.

Данок на наследство и подарок се плаќа и на готови пари, парични побарувања, хартии од вредност и друг подвижен имот ако пазарната вредност на наследството односно договорот за подарок е повисока од износот на едногодишната просечна плата на Република Македонија во претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

Член 6

Стапките на данокот на наследство и подарок се пропорционални и различни во зависност од наследниот ред.

Данокот на наследство и подарок за обврзник од втор наследен ред се пресметува по стапка од 3%, а за обврзник од трет наследен ред, или обврзник кој не е во сродство со оставителот, данокот се пресметува по стапка од 5%.

## III. Данок на промет на недвижности

Член 7

Обврзник на данок на промет на недвижности е правно и физичко лице-продавач на недвижноста.

По исклучок од став 1 на овој член, обврзник на данок на промет на недвижности може да биде правно и физичко лице-купувач на недвижноста, доколку во договорот за купопродажба на недвижноста е договорено данокот да го плати купувачот.

Член 8

Стапката на данок на промет на недвижноста е пропорционална и изнесува 3%.

Член 9

При утврдувањето и наплатата на данокот на имот, данокот на наследство и подарок и данокот на промет на недвижности ќе се применуваат одредбите од Законот за даноци на имот.

Член 10

Надзор над спроведувањето на оваа Одлука врши Министерство за финансии-Управа за јавни приходи.

Инспекциски надзор над утврдувањето и наплатата на даноците на имот врши овластен инспектор на Општината.

Член 11

Правните и физичките лица на кои им е издадено решение за плаќање на данок на имот за 2005 година од Управата за јавни приходи-Регионална дирекција-Штип, ќе извршат плаќање на данокот според добиените решенија.

Член 12

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

| | |
|---|---|
| Број 0701-1139/1 | Претседател |
| 29 јули 2005 година | на Советот на Општината Штип, |
| Ш т и п | прим. м-р Илчо Захариев, с. р. |

130.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ

I

Се објавува Одлуката за утврдување висината на комуналните такси.

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1140/2
4 август 2005 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

131.

Врз основа на член 11 став 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02), член 2 од Законот за комунални такси ("Службен весник на РМ", број 61/04) и член 21 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 29 јули 2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на комуналните такси што се плаќаат за користење на определени права, предмети и услуги од јавен интерес од локално значење од страна на правните и физичките лица кои вршат дејност и од граѓаните.

Член 2

Комуналните такси се плаќаат според тарифите кои се составен дел на оваа одлука, и тоа:

Тарифен број 1

За фирма односно назив на:

- деловните простории на физичките лица кои вршат дејност ----- 2.000 денари
- деловните простории на физичките лица кои вршат дејност, а данокот го плаќаат во паушален износ -------------------------------- 500 денари
- деловни простории на трговски друштва и другите правни лица од областа на производство, промет и услугите, освен за продавници, киосци, деловни едници и слично за кои таксата изнесува 2.000 денари ------------------------------------------------------ 6.000 денари
- деловни простории на правни лица од комуналните дејности ---- 3.000 денари
- деловните простории на трговските друштава и други правни лица, како и на откупните пунктови кои дејствуваат повремено- 3.000 денари

Тарифен број 2

За користење површини во кампови, за подигање на шатори и друга слична привремена употреба-дневно - 30 денари.

Тарифен број 3

За користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност од $м^2$ дневно - 5 ден/$м^2$

Тарифен број 4

За истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места се плаќа такса и тоа:

- до седум дена -------------------------------- 600 денари
- до 30 дена ------------------------------------ 1.000 денари
- до една година ------------------------------- 1.600 денари

Тарифен број 5
За користење на музика во јавни локали годишно: 6.000 денари

Тарифен број 6
За поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории се плаќа такса, годишно, и тоа:

- за физички лица кои вршат дејност -------------------- 1.000 денари
- правни лица од областа на производство, промет и услуги ------------------------------------------------------- 2.000 денари

Тарифен број 7
За користење на плоштадите и друг простор во градот и населените места со цел за изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби за вршење на дејност, се плаќа такса за заземена површина од 5 ден/$м^2$.

Тарифен број 9
За користење на улиците со патнички и товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли и тоа:

- за патнички возила од 1000 кубика ----------------------------------- 50 денари
- за патнички возила од 1000 кубика до 1300 кубика -------------- 80 денари
  за патнички возила од 1300 до 1500 кубика ------------------------- 100 денари
- за патнички возила од 1500 до 1800 кубика ------------------------- 300 денари
- за патнички возила над 1800 кубика --------------------------------- 400 денари
- за товарни возила товарење приколки и полуприколки по тон носивост -------------------------------------------------------------- 100 денари
- за автобуси и други возила што служат за превоз на патници - 500 денари
- за специјални возила и трактори -------------------------------------- 50 денари
- за сите видови моторцикли -------------------------------------------- 50 денари

Тарифен број 10
За користење и одржување на јавно осветлување се плаќа комунална такса во висина на противвредност од 15 квч по цена за јавно осветлување за секое броило за мерење на електрична енергија.

Член 3

Комунална такса не се плаќа за:

1. Фирма на државни органи, на органи на Општината, јавните установи, јавните претпријатија и непрофитните организации.
2. Користење на предмети, услуги и земјиште од страна на воени единици и установи.
3. Истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места, а кои се однесуваат на работите од надлежност на државните органи, на органи на Општината, како и на дејноста на јавните установи, јавните претпријатија и непрофитните организации.
4. Поставување на витрини што се наоѓаат во деловните згради или саемите.
5. Фирма односно назив на деловните простории во пасивните населени места со изразена миграција.

6. Фирма на вршителите на дефицитарни занимања и занаети во изумирање.
7. Имателите на броило за мерење на електрична енергија во населените места каде што нема јавно осветлување.

Член 4

Пасивните населени места од член 3 став 1 точка 5, дефицитарните занимања и занаети во умирање од став 1 точка 6 од истиот член и населените места каде што нема јавно осветлување, од став 1 точка 7 на истиот член, ќе се определат со посебна Одлука на Советот на Општината Штип.

Член 5

Надзор над примена на оваа Одлука врши Министерството за финансии-Управа за јавни приходи.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување висината на надоместокот за користење на јавните пешачки површини "Службен гласник на Општината Штип", број 5/04 и 6/05).

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Штип".

Број0701-1140/1
29 јули 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

132.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛБАТА "СЕЊАК", ДЕЛ ОД УБ. 36 ВО ШТИП

I

Се објавува Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план за дел од населбата "Сењак", дел од УБ. 36 во Штип.

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1141/2
4 август 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

133.

Врз основа на член 22 и член 7 точка 2 алинеа 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ", број 4/96, 28/97, 18/99, 53/01 и 45/02) и член 21 точка 7 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 29 јули 2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛБАТА "СЕЊАК", ДЕЛ ОД УБ. 36 ВО ШТИП

### Член 1

Со оваа Одлука се донесува Деталниот урбанистички план за дел од населбата "Сењак", дел од УБ. 36 во Штип според урбанистичката документација изготвена од ЈП "Штип-проект"-Штип, со технички број 66/04.

### Член 2

Планот од член 1 на оваа Одлука содржи:

- Текстуално образложение
- Графички прилози според законските одредби
- Одредби за реализација на урбанистичката документација
- Стручна ревизија на урбанистичката документација
- Одговор на стручната ревизија
- Согласност број 13-7065 од 15.06.2005година од Министерството за транспорт и врски-Сектор за уредување на просторот.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1141/1
29 јули 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

134.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ДЕЛ ОД УБ. 62-"СИЛОСИ" ВО ШТИП

I

Се објавува Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план дел од УБ. 62-"Силоси" во Штип.

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1142/2
4 август 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

135.

Врз основа на член 22 и член 7 точка 2 алинеа 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ", број 4/96, 28/97, 18/99, 53/01 и 45/02) и член 21 точка 7 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 29 јули 2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ДЕЛ ОД УБ. 62-"СИЛОСИ" ВО ШТИП

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Деталниот урбанистички план за дел од УБ. 62-"Силоси" во Штип според урбанистичката документација изготвена од ЈП "Штип-проект"-Штип, со технички број 62/04.

Член 2

Планот од член 1 на оваа Одлука содржи:

- Текстуално образложение
- Графички прилози според законските одредби
- Одредби за реализација на урбанистичката документација
- Стручна ревизија на урбанистичката документација
- Одговор на стручната ревизија
- Согласност број 13-6518 од 06.06.2005година од Министерството за транспорт и врски-Сектор за уредување на просторот.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1142/1
29 јули 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

136.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ "РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЈАВНИОТ САНИТАРЕН ЈАЗОЛ И УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОТ "БЕЗИСТЕН"

I

Се објавува Одлуката за одобрување на Проектот "Реконструкција на јавниот санитарен јазол и уредување на паркот "Безистен".

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1143/2
4 август 2005 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

137.

Врз основа на член 21 точка 39 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 29 јули 2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ "РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЈАВНИОТ САНИТАРЕН ЈАЗОЛ И УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОТ "БЕЗИСТЕН"

Член 1

**Се одобрува** Проектот "Реконструкција на јавниот санитарен јазол и уредување на паркот "Безистен".

Советот на Општината Штип дава приоритет на реализацијата на Проектот од став 1 на овој член.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1143/1
29 јули 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

138.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА НА РАДИО ШТИП ЗА 2005 ГОДИНА

I

Се објавува Зклучокот за усвојување на Програмата на Радио Штип за 2005 година.

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

| | |
|---|---|
| Број 08-1144/2 | Градоначалник |
| 4 август 2005 година | на Општината Штип, |
| Ш т и п | Панде Сарев, с. р. |

139.

Врз основа на член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 46 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 29 јули 2005 година, донесе

# З А К Л У Ч О К
# ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА НА РАДИО ШТИП ЗА 2005 ГОДИНА

I

Се усвојува Програмата на Радио Штип за 2005 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1144/1
29 јули 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

140.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНАТА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖНИОТ ИМОТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Решението за формирање Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на подрачјето на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1145/2
4 август 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

141.

Врз основа на член 5 став 2 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на РМ", број 61/04) и член 21 точка 31 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 29 јули 2005 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНАТА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖНИОТ ИМОТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП

1. Се формира Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на подрачјето на Општина Штип.

2. За претседател и членови на Комисијата се именуваат, и тоа:

За претседател:
- Маре Каранакова

За членови:
- Мери Черкезова
- Силвана Николова
- Анка Иванова
- Никола Пеперевски

3. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1145/1
29 јули 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

142.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ПРЕСМЕТАНИ, НАПЛАТЕНИ И ИСПЛАТЕНИ СРЕДСТВА ЗА СПОРТСКИТЕ ЕКИПИ ВО ШТИП ОД СТРАНА НА ЈП "ИСАР"-ШТИП ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2004 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Извештајот за пресметани, наплатени и исплатени средства за спортските екипи во Штип од страна на ЈП "Исар"-Штип во периодот од 01.01. до 31.12.2004.

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1146/2
4 август 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

143.

Врз основа на член 21 точка 35 и член 49 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 29 јули 2005 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ
ЗА ПРЕСМЕТАНИ, НАПЛАТЕНИ И ИСПЛАТЕНИ СРЕДСТВА
ЗА СПОРТСКИТЕ ЕКИПИ ВО ШТИП
ОД СТРАНА НА ЈП "ИСАР"-ШТИП
ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2004 ГОДИНА

I

Се прифаќа Извештајот за пресметани, наплатени и исплатени средства за спортските екипи во Штип од страна на ЈП "Исар"-Штип во периодот од 01.01. до 31.12.2004 година, со следите **заклучоци**:

- ЈП Исар" да изготви и достави до Советот Извештај за тоа колку средства се собрани и колку се исплатени од наменскиот денар за периодот од 01.01. до 30.06.2005 година
- Советот да донесе одлука со која ќе го задолжи ЈП "Исар" наменскиот спортски денар да го евидентира на посебно конто-сметка од која според процентот на наплата за одреден период средствата ќе се пренесат на сметката која дополнително ќе му биде доставена.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1146/1
29 јули 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

144.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ И УПЛАТУВАЊЕ НА НАМЕНСКИ СПОРТСКИ ДЕНАР НА ПОСЕБНА СМЕТКА

I

Се објавува Одлуката за издвојување и уплатување на наменски спортски денар на посебна сметка.

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1146/2-2
4 август 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

145.

Во врска со член 13 став 1 од Законот за спорт ("Службен весник на РМ", број 29/02) и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 29 јули 2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ И УПЛАТУВАЊЕ НА НАМЕНСКИ СПОРТСКИ ДЕНАР НА ПОСЕБНА СМЕТКА

Член 1

Наменскиот спортски денар, што се наплаќа со секоја сметка за вода и од пазарната такса, ЈП "Исар" - Штип да го издвојува и уплатува на посебна сметка во јавното претпријатие.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука, ЈП "Исар" месечно, најдоцна до 15 во наредниот месец, да ги уплатува на сметка на Општинскиот сојуз на спортови на Штип во формирање.

Собраните средства од претходниот став, врз основа на барања од спортските клубови ќе ги распределува надлежната комисија на Советот на Општината Штип.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1146/2
29 јули 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

146.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА НУЦК "АЦО ШОПОВ"-ШТИП ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА "ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2005"

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства на НУЦК "Ацо Шопов"-Штип за реализација на Манифестацијата "Штипско културно лето 2005".

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1147/2
4 август 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

147.

Врз основа на член 21 точка 35 и член 48 став 3 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 29 јули 2005 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА НУЦК "АЦО ШОПОВ"-ШТИП ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА "ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2005"

Член 1

За реализација на Манифестацијата "Штипско културно лето 2005", на НУЦК "Ацо Шопов"-Штип се доделуваат средства во висина од 200.000,00 денари.

Член 2

Средствата од став 1 ќе се обезбедат од Буџетот на Општината Штип за 2005 година, ставка 442170-Културно-уметнички манифестации.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1147/1
29 јули 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

148.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК

I

Се објавува Заклучок број 0701-1147/2 од 29 јули 2005 година.

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1147/2-2
4 август 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

149.

Врз основа на член 21 точка 35 и член 46 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 29 јули 2005 година, донесе

З А К Л У Ч О К

1. Да се формира Совет кој ќе работи на организација на Манифестацијата "Штипско културно лето 2005".

2. Советот да биде составен од претставници на Советот на Општината Штип и претставници од институцијата од областа на културата.

3. НУКЦ "Ацо Шопов" кој е организатор на Манифестацијата "Штипско културно лето" да достават комплетен ивештај со трошковник и фактури.

4. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1147/2
29 јули 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

150.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ЦЕНТАРОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ "АРТ"-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства на Центарот за деца и млади "АРТ"-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1148/2
4 август 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

151.

Врз основа на член 21 точка 35 и член 48 став 3 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 29 јули 2005 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ЦЕНТАРОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ "АРТ"-ШТИП

Член 1

За реализација на проектот "АРТ ГЕНЕРАТОР" на Центарот за деца и млади "АРТ"-Штип се доделуваат средства во висина од 20.000,00 денари.

Член 2

Средствата од став 1 ќе се обезбедат од Буџетот на Општината Штип за 2005 година, ставка 442170-Културно-уметнички манифестации.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1148/1
29 јули 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

152.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА НУ БИБЛИОТЕКА"ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"-ШТИП ЗА ИЗДАВАЊЕ НА КНИГАТА "МОЛИТВА ПРЕД ГОСПОД" ОД ДОБРИЛА ЈОВЕВА

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства на НУ библиотека"Гоце Делчев"-Штип за издавање на книгата "Молитва пред Господ" од Добрила Јовева.

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1149/2
4 август 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

153.

Врз основа на член 21 точка 35 и член 48 став 3 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 29 јули 2005 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА НУ БИБЛИОТЕКА"ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"-ШТИП ЗА ИЗДАВАЊЕ НА КНИГАТА "МОЛИТВА ПРЕД ГОСПОД" ОД ДОБРИЛА ЈОВЕВА

## Член 1

За издавање на книгата "Молитва пред Господ" од Добрила Јовева, на НУ Библиотека "Гоце Делчев"-Штип се доделуваат средства во висина од 5.000,00 денари.

## Член 2

Средствата од став 1 ќе се обезбедат од Буџетот на Општината Штип за 2005 година, ставка 442170-Културно-уметнички манифестации.

## Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1149/1
29 јули 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

154.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ПО ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА ЈП "ФОРТУНА"-ШТИП ЗА 2004 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Извештајот по Завршната сметка на ЈП "Фортуна"-Штип за 2004 година.

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1150/2
4 август 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

155.

Врз основа на член 21 точка 35 и член 49 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 29 јули 2005 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ
ПО ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА ЈП "ФОРТУНА"-ШТИП
ЗА 2004 ГОДИНА

I

Се прифаќа Извештајот по Завршната сметка на ЈП "Фортуна"-Штип за 2004 година, со следниот **заклучок**:

- На наредната седница на Советот, после извршени консултации помеѓу советничките групи да се формира работна група која ќе ги согледа состојбите во ЈП "Фортуна" - Штип и ќе предложи начин на решавање на обврските и статусот на ова јавно претпријатие.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1150/1
29 јули 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

С О Д Р Ж И Н А


| Р.б. | | страна/број |
|---|---|---|
| 124. | Решение за објавување на Изменувањето и дополнувањето на буџетот на Општината Штип за 2005 година | 189/8 |
| 125. | Изменување и дополнување на буџетот на Општината Штип за 2005 година | 190/8 |
| 126. | Решение за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Штип за 2005 година | 205/8 |
| 127. | Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Штип за 2005 година | 206/8 |
| 128. | Решение за објавување на Одлуката за утврдување на висината на стапките на данок на имот, данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности | 208/8 |
| 129. | Одлука за утврдување на висината на стапките на данок на имот, данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности | 209/8 |
| 130. | Решение за објавување на Одлуката за утврдување висината на комуналните такси | 212/8 |
| 131. | Одлука за утврдување висината на комуналните такси | 213/8 |
| 132. | Решение за објавување на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план за дел од населбата "Сењак", дел од УБ. 36 во Штип | 216/8 |
| 133. | Одлука за донесување на Деталниот урбанистички план за дел од населбата "Сењак", дел од УБ. 36 во Штип | 217/8 |
| 134. | Решение за објавување на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план дел од УБ. 62-"Силоси" во Штип | 218/8 |
| 135. | Одлука за донесување на Деталниот урбанистички план дел од УБ. 62-"Силоси" во Штип | 219/8 |
| 136. | Решение за објавување на Одлуката за одобрување на Проектот "Реконструкција на јавниот санитарен јазол и уредување на паркот "Безистен" | 220/8 |
| 137. | Одлука за одобрување на Проектот "Реконструкција на јавниот санитарен јазол и уредување на паркот "Безистен" | 221/8 |
| 138. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата на Радио Штип за 2005 година | 222/8 |
| 139. | Заклучок за усвојување на Програмата на Радио Штип за 2005 година | 223/8 |
| 140. | Решение за објавување на Решението за формирање Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на подрачјето на Општината Штип | 224/8 |
| 141. | Решение за формирање Комисија за утврдување на | 225/8 |

пазарната вредност на недвижниот имот на подрачјето на Општината Штип

142. Решение за објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештајот за пресметани, наплатени и исплатени средства за спортските екипи во Штип од страна на ЈП "Исар"-Штип во периодот од 01.01. до 31.12.2004 година 226/8

143. Заклучок за прифаќање на Извештајот за пресметани, наплатени и исплатени средства за спортските екипи во Штип од страна на ЈП "Исар"-Штип во периодот од 01.01. до 31.12.2004 година 227/8

144. Решение за објавување на Одлуката за издвојување и уплатување на наменски спортски денар на посебна сметка 228/8

145. Одлука за издвојување и уплатување на наменски спортски денар на посебна сметка 229/8

146. Решение за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства на НУЦК "Ацо Шопов"-Штип за реализација на Манифестацијата "Штипско културно лето 2005" 230/8

147. Одлука за доделување на финансиски средства на НУЦК "Ацо Шопов"-Штип за реализација на Манифестацијата "Штипско културно лето 2005" 231/8

148. Решение за објавување на на Заклучок број 0701-1147/2 од 29 јули 2005 година 232/8

149. Заклучок 233/8

150. Решение за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства на Центарот за деца и млади "АРТ"-Штип 234/8

151. Одлука за доделување на финансиски средства на Центарот за деца и млади "АРТ"-Штип 235/8

152. Решение за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства на НУ библиотека"Гоце Делчев"-Штип за издавање на книгата "Молитва пред Господ" од Добрила Јовева 236/8

153. Одлука за доделување на финансиски средства на НУ библиотека"Гоце Делчев"-Штип за издавање на книгата "Молитва пред Господ" од Добрила Јовева 237/8

154. Решение за објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештајот по Завршната сметка на ЈП "Фортуна"-Штип за 2004 година 238/8

155. Заклучок за прифаќање на Извештајот по Завршната сметка на ЈП "Фортуна"-Штип за 2004 година 239/8